**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.29**

**И.бр. 127/2025**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за производство,трговија и услуги ДОНА-М Добре Митев Дооел увоз- извоз Штип преку полномошник Адвокат Виктор Марјанов од Штип, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.436/23 од 10.07.2023 година на Нотар Ленче Каранфиловска од Штип, против должникот Друштво за производство трговија и услуги ЕУРОТЕКС ЦОМПАНИ ДОО увоз-извоз Пробиштип за спроведување на извршување на ден 06.05.2025 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со **второ** усно јавно наддавање на подвижни предмети индустриски машини за шиење, кроење, пеглање и додатна опрема по проценета вредност, а намалена на 1.363.947,00 денари по спецификација достапна во канцеларијата на Извршителот

која вредност претставува почетна цена за второ усно јавно наддавање.

Подвижните предмети се продаваат во пакет.

Предметите се оптоварени со следните товари: нема

**Продажбата ќе се одржи на ден 16.05.2025 година во 13,00 часот во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова од Штип, ул. Браќа Миладинови бр.4А тел: 032/387-387.**

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Слободен печат.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижниот предмет.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380911375801165 која се води кај ПроКредит Банка АД Скопје и даночен број 5029006106087.
На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.
Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во деловните простории на Друштво за производство,трговија и услуги ДОНА-М Добре Митев Дооел увоз- извоз Штип во Пробиштип на ул.Миро Барага бр.1В.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

Д.-на: должник
доверител

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.